З А П И С Н И К
за извршен инспекциски надзор
Ип 1 бр. 57-50
Датум: 10.06.2021 година

Архивски знак:_____
Рок на чување:_____год.
_____20____ год.
Потпис,
_____

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

Назив на субјектот на надзорот	Физичко лице	од Скопје
Седиште/адреса на субјектот		Чаир
Адреса за е-пошта		
Телефон		
Матичен број на субјектот		
Даночен број на субјектот	/	
Број на трансакциска-сметка на субјектот		
Банка депонент	Комерцијална Банка АД–Скопје	
Одговорно лице на субјектот:/		
Име и презиме	Телефон	Е-пошта

2) Податоци за инспекцискиот надзор

Вид на инспекцискиот надзор	1. РЕДОВЕН	2. **ВОНРЕДЕН**	3. КОНТРОЛЕН
Датум на почеток на инспекцискиот надзор	08.06.2021 г.	Време на почеток на инспекцискиот надзор	10:00 ч.
Датум на завршување на инспекцискиот надзор	10.06.2021 г.	Време на завршување на инспекцискиот надзор	13:00 ч.
Назив на објектот–инсталацијата каде што се	/		

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

врши надзорот	
Главна дејност на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот	/
Адреса на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот	Бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54-Скопје (службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК)

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

- со Иницијатива бр. 02-7230/4 од 01.06.2021 г., од Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста на Министерството за култура (во натамошниот текст: МК) и Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК за месец јуни заведен под бр. 57-13/6 од 03.06.2021 година.

4)Инспекцискиот надзор е извршен од:

- помошник инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во МК.

За почетокот на вршењето на надзорот, субјектот на надзорот е известен со Допис Ип. 1 бр. 57-50 од 04.06.2021 година.

5)Предмет на вонредниот инспекциски надзор

Инспекцискиот надзор се врши од аспект на примена на член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од денари, од одобрени денари, согласно со Договорот бр. 20-4946/1 од 24.04.2020г., за учество во финансирање проектот - Солистички концерт, од национален интерес во културата од областа на музичка и сценско - уметничка дејност за 2020 година, како и постапување по обврската од член 68 став (3) од истиот Закон и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

финансирање, на соодветен образец за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на Министерството за култура како и друга потребна документација (промотивни материјали, плакати, постери, промотивни видеа)

Основ: член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата, а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од:

Име и презиме	Телефон	Е-пошта
корисник		

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица

Ред. бр.	Име и презиме	Својство
/	/	/

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор, односно на присутното лице му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:

-Корисникот доставил Пријава УП1 бр. 20-3158 од 8.11.2019г., за проектот „Солистички концерт", по годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2020 година во областа на музичката и музичко-сценска дејност, а согласно со Решението УП 1 бр. 20-3158/2019 од

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

14.02.2020 г., донесено од министерот за култура истиот е прифатен како проект од национален интерес во културата за 2020 година.

Во Пријавата е наведено дека целта на проектот „Солистички концерт" е да се подигне свеста кај младите за важноста и уметничката вредност на серизоната музика. Исто така, во пријавата е наведено дека концертот се планира да биде одржан во Музејот на Град Скопје во месец октомври 2020 година.

-Врз основа на горецитираното Решение на министерот за култура, склучен е Договор бр. 20-4946/1 од 24.04.2020г., за учество во финасирање на проект од национален интерес во културата од областа на музичка и сценско - уметничка дејност за 2020 година, а за финасирање на проектот се одобрени средства во износ од 50.000 денари.

-Со Барање за исплата на одобрените средства заведено во писарницата на МК под бр. 20-6433/1 од 21.05.2020 г., корисникот доставил и Образец за **оперативен и финансиски план** за користење на одобрените средства за реализација на овој проект (по намени и износи), а кој што е составен дел на Договорот согласно со член 3 став (2). Во Оперативнот и финансиски план е предвидено преведените средства да се трошат за следните намени: автор на проектот и изведувач флејта –хонорар во износ од 20.000 денари; корепетитор изведувач пиано- хонорар во износ од 10.000 денари, изведувач гостин кларинет- хонорар во износ од 5.000 денари, изведувач гостин обоа- хонорар во износ од 5.000 денари, изнајмување на простор во износ од 6.000 денари, дизајнер на флаер и програма на проектот во износ од 4.000 денари.

- Со Решение за исплата на средства бр. 20-4945/1 од 14.07.2020 година, на министерот за култура, преку Агенцијата за деловно посредување и застапување на авторски права ВЕДА – Скопје, на корисникот му се исплатени 25.000 денари, од кои на трансакциската сметка на корисникот се исплатени 22.984 денари, додека 2.016 денари се исплатени по основ персонален данок од доход и провизија.

Трошење на програмските средства и преземените обврски за реализација на проектот од програма 40-музичка и сценско уметничка дејност се прикажани во следната табела:

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Р. бр	Доверител	Намена	Трошок	Ненамирени обврски	Забелешка
1.	Физичко лице	Авторски хонорар во износ од	19.834		-Исплатено по фактура бр. 37819 од 24.07.2020 г., и по дог.бр.20-4946/1 од 24.04.2020 издадена од Агенција ВЕДА , Извод од тековна сметка од Комерцијална Банка од 24.7.2020г.,
2.	Физички лица –	Авторски договори хонорари – соработници за реализација на проектот		22.000	
3.		Трошоци дизајн за флаер и програма		4.000	
4.		Изнајмување на сала за концерт	3.150		Уплатница од Стопанска Банка АД Битола од 26.10.2020 до Даут Пашин Амам за користење на сала во износ од 3.150 денари
5.	Министерство за финасии	Персонален данок	2.016		Персонален данок Банков извод бр. 13 од 26.6.2020 г.,
ВКУПНО			25.000	26.000	
Вкупно цена на чинење на проектот (трошоци плус обврски)			**51.000 денари**		***Обврска на МК 25.000 денари * Проектот е реализиран во Даут Пашин амам поради реновирање на просториите во Музејот на Град Скопје**

*Според изјавата на корисникот обврската кон другите учесници во реализација на Проектот ќе биде исплатени по преведувањето на преостанатиот дел од средствата во износ од 25.000 денари, што е обврска на МК согласно со Договорот.

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

* Исто така, според изјавата на присутното лице, Солистичкиот концерт е одржан во просториите на Даут Пашин Амам, од причина што просториите во Музејот на Град Скопје во тој период се реновирале, за што на увид е презентиран Договор за меѓусебна соработка за организирање и реализација на проект бр.03-264/3 од 26.10.2020г., склучен помеѓу НУ Национална галерија на РСМ и (корисник) за користење на објектот Даут Пашин Амам за реализирање на концерт на ден 30.10.2020година, со надомест во износ од 3.150денари.

-Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, за доставување извештај за реализација на проектот во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека е постапено на 04.11.2020 година, односно доставен е образец за наративен и финасиски Извештај заведен во писарницата на МК под бр. 20-11287/1 од истиот датум.

Исто така, во прилог, како доказ дека проектот е реализиран, кон Образецот се доставени фотографии од реализација на проектот во Даут Пашин Амам, плакат и флаер од одржаниот концерт со програма на делата што ќе бидат изведени на концертот и тоа: Franz Schubert- Sonata Arpreggione, Allegro moderato, Adagio, Allegreto; Franz Shubert – Entre acte Rosamunde; Krustof Zgraja- Flamenco Stydy.

Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутното лице

-не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзорот, за што ќе бидат преземени следните мерки:

- Проектот „Солистички концерт", на корисникот е реализиран во салата на НУ – Национална Галерија на РСМ, подружница Даут Пашин Амам на ден 30.10.2020 година во 19.00 часот, а преведените средства во износ од 25.000 денари се потрошени наменски.

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Со оглед дека не се утврдени неправилности во работењето на корисникот од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор. При тоа, се укажува на корисникот дека е потребно по извршената исплатата на обврските кон другите учесници во реализацијата на овој проект, да го извести Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерство за култура.

11)Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

12)Со содржината на овој записник исо утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

13)Забелешки на субјектот на надзорот:

_____

_____

_____

Потпис на претставникот на субјектот на надзор:	Скопје од	Печат и потпис на инспекторот за	
Скопје од		помошник инспектор за култура:	
Датум:	___.06.2021 г.	Датум:	10.06.2021 г.

Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk